ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-232/2**

**Дата: 26.01.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА СТРУГА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга за 2007 година, за кои е изразено негативно мислење за вистинитоста и објективноста а за законско и наменско користење на средствата изразено е мислење со резерва. При ревизијата за 2009 година, беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е утврдено дека постои напредок во имплементацијата на дадените препораки. Од дадените 14 препораки имплементирани се 6 препораки, делумно спроведени се 3 препораки, 4 препораки не се спроведени а една препорака е надмината со промената на законската регулатива.

За финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга за 2009 година за нивната вистинитост и објективност и за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме негативно мислење.

Донесени се акти за утврдување на одредени критериуми, права, надоместоци кои акти не се целосно усогласени со важечката законска регулатива.
За лицата вработени во општинската администрација, лицата ангажирани преку агенции за времени вработувања и советниците извршени се исплати по разни основи во вкупен износ од 2.573 илјади денари кои исплати не се во согласност со законската регулатива. Општина Струга не обезбедила усогласеност на своето

работење со релевантната законска регулатива, извршена е исплата на 6.580 илјади денари средства без критериуми и програми од областа на културата и спортот. Постои месна заедница која функционира со истите надлежности, иако според Законот за локална самоуправа истите требало да се реорганизираат во март 2005 година.
Поради недоследна примена на законот за јавни набавки, извршени се набавки на работи, добра и услуги во износ од 4.764 илјади денари без соодветни постапки за набавка.
Во законски утврдениот рок за поднесување на забелешки по Нацрт извештајот, од страна на одговорното лице Градоначалникот на Општина Струга се поднесени забелешки кои не се прифатени од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 16 до 18, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга за 2007 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум изразено е негативно мислење, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година изразено е мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Рамиз Мерко – градоначалник во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на

интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Струга се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.10. до 28.10. 2010 кај Општина Струга на сметката на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 28.10.2010 година.

На ден 30.12.2010 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 03-2211/3 од 24.12.2010 година од Градоначалникот на Општина Струга. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

4.1.1. Во Општина Струга не е воспоставена внатрешна контрола во процесот на плаќање, која претставува систем на финансиски и други контроли, вклучувајќи и организациона структура, методи и процедури на работење и внатрешна ревизија, што не е во согласност со одредбите на членовите 5 и 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Нема донесено пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при плаќањата на набавени стоки, извршени услуги и работи (нема доказ за извршена контрола на цените на набавените добра, услуги и извршени работи дека се согласно понудата ) и нема назначено одговорен сметководител. Донесени се пишани процедури за прием на документацијата во Општината, нејзино архивско запишување и доставување до одговорните лица во одделенијата и процедура за спроведување на јавни набавки.
Воспоставувањето на контролни системи овозможува извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин.
Невоспоставената внатрешна контрола и неназначен одговорен сметководител создава ризик од плаќања врз основа на некомплетна документација.

Од март 2010 година вработено е лице одговорен сметководител и ликвидатор.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на плаќање за набавените стоки, услуги и работи.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. На ставката Други градежни објекти се евидентирани расходи кои се однесуваат на изградба или реконструкција на инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Струга. За новите капитални објекти (водоводни и фекални мрежи) се обезбедени документи предвидени со Законот за градење, меѓутоа, за дел од објектите во износ од 15.038 илјади денари нема обезбедено дел од документацијата предвидена со овој закон:

- не се изготвува извештај од надзорниот инженер согласно член 29 и 30;
- не се врши технички преглед предвиден со член 75 и
- не се издава одобрение за употреба предвидено со член 78.

Непочитувањето на Законот за градење, недостигот на целосна документација со прилози како потврда за извршените работи, создава ризик од намалена транспарентност во работењето на службите на општината, неисполнување на обврските од страна на изведувачите и надзорниот орган кои произлегуваат од склучените договори и до нереални и необјективни трошоци.

**Препорака:**

- Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални работи и сообраќај да ги обезбеди сите документи предвидени со Законот за градење пред отпочнување и во текот на градбата.
- Градоначалникот на Општината, да формира комисија за примопредавање на објектите по завршувањето на работите за кои се доделени договори.

4.2.2. Општина Струга нема воспоставено сметководствена евиденција на инвестициите во тек. За реконструкција на водоводна мрежа с. Делогожда, нови мрежи за улично осветлување, фекална канализација 1-ва и 2-ра фаза до препумпна станица и колектор на потег до с. Велешта, транзитен цевковод за фекална канализација низ населени места, вложени се 27.087 илјади денари, Општина Струга не располага со податоци за вредноста на секој објект (некои објекти се градат во повеќе фази и во подолг период) бидејќи не е воспоставена сметководствена евиденција на инвестициите во тек. Не евидентирањето на вложувањата во капитални инвестиции не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално проценување на средствата и изворите на средства во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Да се пропише сметководствена политика и да се воспостави евиденција на инвестициите во тек по објекти.

4.2.3. Општина Струга во октомври 2008 година има донесено Одлука за определување на критериумите за распределба на финансиска помош од Буџетот

на Општина Струга која се однесува за средствата планирани за Субвенции и трансфери и Социјални бенефиции. Средствата доделени во 2009 година не се според оваа одлука бидејќи општината нема објавено Оглас за доделување на средства за оваа намена. Ревизијата ги утврди следниве слабости на донесената одлука:

- одлуката како општ акт не содржи поблиски критериуми за распределба на средствата за социјална заштита како и критериуми за правото на учество на огласот на здруженија и организации кои би важеле за подолг временски период, туку се утврдени во објавата на огласот за распределба на овие средства од февруари 2010 година;
- во член 4 од Одлуката е определено висината на средствата за финансиската помош да ја определува градоначалникот до висина која му ја определува законот. Согласно член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, градоначалникот има право да одлучува за средствата од тековните резерви и обврска до Советот да доставува извештај, а не од овие средства;
- член 6 предвидува три категории за висина на помош од причинета штета без да биде утврдено кој вид штета на која категорија одговара;
- во член 7 од Одлуката предвидено е 60% од средствата да се доделат по поднесени барања по огласот, а останатите 40% да се распределуваат во текот на годината. Ваквото доделување на средствата не е во согласност со одредбите од Законот за здруженија и фондации.
- во член 10 од Одлуката, за културните манифестации кои традиционално се одржуваат во Општината утврдено е да се финансираат без да поднесат барање по објавениот оглас што е спротивно на законските одредби, бидејќи во реализацијата на овие манифестации учествуваат повеќе здруженија со свои програма.

Вака донесената Одлука создава услови за различни критериуми во различни години како и можност за нетранспарентност во доделувањето на средствата.

**Препорака:**

Стручните служби да изготват измена и дополнување на Одлуката за определување на критериумите за распределба на финансиска помош со цел:

- определување на конкретни критериуми кои треба да ги исполнат здруженијата;
- средствата да се доделуваат според годишни планови и програми усвоени од Советот;
- да се вклучат културните манифестации кои традиционално се одржуваат секоја година, и
- програмата за социјална заштита да се надополни со конкретни критериуми за распределба на средства за социјална заштита.

4.2.4. Донесен е правилник за репрезентација кој не е општ акт за долгорочна примена, туку се однесува за користење средства само за буџетската 2009 година. Со актот не е утврден лимит на правото за користење на средства за репрезентација. Со донесениот правилник, утврденото право на репрезентација е 8.500 илјади денари за износот на средствата кои се предвидени со Буџетот за 2009 година во програмите Градоначалник, Совет и Администрација.
Не е извршено намалување на овие средства со ребалансот на буџетот од ноември месец иако поради недоволен прилив на средства во 2009 година, извршено е намалување на планираните расходи од други позиции и програми. Трошоците по основ на репрезентација за 2009 година изнесуваат 6.953 илјади денари, односно учествуваат со 7,8% во вкупните тековни трошоци. Кај двајца добавувачи за угостителски услуги без постапка за јавна набавка се направени трошоци во вкупен износ од 3.458 илјади денари. Ваквото постапување при донесување и извршување на буџетот е спротивно на членот 3 од Законот за буџетите бидејќи не се почитувани буџетските начела на транспарентност, одговорност, економичност и ефективност.

**Препорака:**
Одговорното лице да изготви акт за репрезентација кој ќе биде во функција на долгорочна примена со утврдување на лицата кои можат да користат средства за репрезентација, поводот како и износите до кои може да се користат средствата.

4.2.5. Во 2009 година во Општина Струга преку агенција за привремени вработувања се ангажирани различен број на лица (од шест до 16 лица во оддредени месеци) за извршување работи на работни места предвидени со правилникот за систематизација: (технички секретар, референт за вршење увид на локации, референт за вршење административно технички работи за апликација на проекти, соработник за архивирање на архивска граѓа, соработник за евиденција и ажурирање на комунална такса, општ работник за одржување на работни простории и сала, самостоен референт за односи со странки и други). По овој основ исплатени се 3.738 илјади денари.
Ангажирањето на лица преку агенција за привремени вработувања за вршење работи од редовната дејност на општината не е во согласност со член 4 од Законот за агенции за времени вработување и има за ефект намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба пред други лица во постапка на редовно вработување.

**Препорака:**
Одговорното лице пополнувањето на работните места согласно актот за систематизација да го врши во согласност со одредбите од Законот за државни службеници и Законот за работни односи.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. За лицата вработени во општинската администрација, лицата ангажирани преку агенции за времени вработувања и советниците, исплатени се 2.537 илјади денари кои исплати не се во согласност со важечката законска регулатива:

- врз основа на Програмата за пречек на Новата 2010 Година исплатени се надоместоци на советниците во вкупен износ од 162 илјади денари, што не е во согласност со член 29-а од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, бидејќи на советниците им припаѓа само месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневните трошоци;
- исплатено е на име награди на вработените вкупен износ од 1.322 илјади денари (по барање на Синдикалната организација на Општина Струга, по повод верски и државни празници), што не е во согласност со член 61 од Законот за државни службеници, член 2 и член 4 став 2 од Упатството за поблиски критериуми за доделување парична награда на државните службеници. Државниот службеник може да биде награден повеќе пати во текот на годината врз основа на оценување, на предлог на непосредниот раководител врз основа на критериуми утврдени во Упатството, а не и наградување по повод верски и државни празници.
- со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Струга за 2009 година, предвидено е и исплатен е регрес за годишен одмор во вкупен износ од 1.053 илјади денари. Ова не е во согласност со Законот за државни службеници бидејќи со овој Закон се уредува системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници, а во членот 52 став 2 каде се утврдени другите надоместоци на кои имаат право државните службеници не е наведен регресот за годишен одмор, произлегува дека исплатата на таков надоместок нема законски основ;

Непочитувањето на законската регулатива во делот на исплатите на плати и надоместоци, придонесува за ненаменско трошење на средствата и зголемени расходи.

**Препорака**
Градоначалникот како одговорно лице е должен да обезбеди законска основаност за сите исплати.

4.3.2. Исплатен е износ од 356 илјади денари за месна заедница која функционира како правен субјект. Почнувајќи од март 2005 година месните заедници не треба да функционираат со истите надлежности, а согласно член 86 од Законот за локална самоуправа градоначалникот со решение може да делегира надлежност на

претседателот со кое решение истовремено се утврдуваат и средствата потребни за вршење на работите, начинот и надзорот на нивно извршување.
Работењето на месната заедница со надлежности како до март 2005 година има за ефект нерегулиран статус и незаконски трошоци на Општина Струга.

**Препорака**
Градоначалникот на општината да донесе акт со кој ќе го разреши статусот на Месната заедница согласно со Законот за локална самоуправа.

4.3.3. Кон јавните претпријатија „Пастртија„-Велешта и „Хигиена„-Лабуништа исплатени се 4.672 илјади денари, исплатата не се темели на реален обем на извршени работи туку на планирани работи согласно Програмата за работа на јавните претпријатија.
Не се преземени мерки за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Општина Струга како основач и јавните претпријатија со цел реализирање на обврските од член 22 точка 4 предвидени со Законот за локална самоуправа во комуналната сфера.
Ревизијата утврди дека ова се должи на следниве состојби:

- Општина Струга нема склучено договори со јавните претпријатија во кои ќе се дефинираат меѓусебните права и обврски со оглед на фактот дека годишни програми за работа на јавните претпријатија не се основ за фактурирање за извршени работи.
- Во програмите не е дефиниран начинот на формирање на цената за услугите што ќе се вршат од страна на јавните претпријатија (немаат ценовник) и не содржат податоци за обемот на работите кои треба да ги извршат јавните претпријатија;
- Не се утврдени начинот на контрола на извршување на работите и документите кои би обезбедиле доволно докази за извршување на работите.

Исплатата на средства без дефинирани цени на услугите и износ на планирани средства придонесува за постоење на ризик од ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Струга:

- да предлага на Советот програми кои обезбедуваат информации за видот и обемот на услугите што ги обезбедуваат јавните претпријатија со утврдени цени;
- да склучи договори со јавните претпријатија во кои ќе се дефинираат меѓусебните права и обврски, документацијата како доказ за извршените работи, надзор и потврдување на извршените работи, висината на средствата за реализирање на годишните програми.

Одделението за комунални дејности програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Струга да ја надополни со активностите на ЈП „Хигиена“ и „Пастртија“.

4.3.4. За реализација на проектот за згрижување и третман на кучиња скитници одобрен од Советот на Општина Струга, со решение на градоначалникот од ставката Договорни услуги, на ЈП „Комунално„ Струга доделени се средства во износ од 200 илјади денари. Намената на овие средства е купување/изработка на кафези. Ниту со одлуката на Советот, ниту со решението на градоначалникот не е утврден третманот на средствата обезбедени од Буџетот, односно дали ќе бидат вложувања во капиталот на ЈП или пак основни средства на користење кај други субјекти, а со цел постигнување транспарентност во финансиските односи меѓу основачот и јавните претпријатија согласно член 8-б од Законот за јавни претпријатија.
Недефинираниот третман на средствата што Општина Струга ги вложува во јавните претпријатија има за ефект погрешно проценувањето на билансните позиции, а со тоа и нереално проценување на учеството во капиталот на ЈП во случај на негова трансформација .

**Препорака:**
Актите донесени од Советот кои се поврзани со исплата на средства кон јавните претпријатија да бидат со јасно утврден третман на средствата во однос на влогот и капиталот на Општина Струга.

4.3.5. На ставката Други тековни расходи ревизијата утврди евидентирани расходи од 630 илјади денари од кои:

- во износ од 292 илјади денари плаќања по фактури кон кои се приложени испратници од 2005, 2006, 2007, 2008 и 2009 година за набавка на синтелони кои не се за потребите на општината, туку за други правни лица и која документација не е потврдена од ниту едно лице во општината;
- по барање на Синдикалната организација на Општина Струга за набавка на спортска опрема за вработените во општината за учество во спортски игри и за поклони на вработените по повод 8-ми Март се исплатени 338 илјади денари.

Трошењето на средства за намени кои не се во функција на реализирање на надлежностите на општината утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа придонесува за ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице на општината е должен да обезбеди наменско и законско користење на буџетските средства за реализирање на дејностите на општината утврдени со закон.

4.3.6. Во текот на 2009 година од позициите Трансфери до невладини организации и Разни трансфери направени се расходи во вкупен износ од 6.580 илјади денари за: културни, спортски и новогодишни манифестации; образовни активности; издавање на книги, монографии, музички албуми; учество на семинари и фестивали; реновирање на цркви; набавка на прехранбени артикли за верски празници. Службите на Општина Струга немаат изготвено програми за подршка на спортот, за културни и спортски манифестации, поддршка на образовни активности во 2009 година.
Од барателите на средствата не се бара годишна програма за планираните активности, повратно известување дека манифестацијата за која се доделени средства е спроведена, што не е во согласност со член 61 Законот за здруженијата на граѓани и фондации, член 22-а од Законот за спорт, член 8 од Законот за локална самоуправа и има за ефект субјективност во одлучувањето, нетранспарентност при доделувањето на средствата и можност за незаконско и ненаменско користење на средствата.
Во февруари 2010 година објавен е оглас за доделување на средства предвидени со буџетот за 2010 година.

**Препорака:**
Надлежното одделение да изготви а советот да донесе Програми од областа на спортот и културата.

4.3.7. Материјалните средства во Билансот на состојба проценети во износ од 117.813 илјади денари се нереални и необјективни поради следново:

1. не е извршена проценка на вредноста на имот доделен со делбениот биланс иако за некои објекти постојат имотни листи;
2. искажан е износ од 35.887 илјади денари како градежен објект за кој службите немаат обезбедено документација што не е во согласност со член 12 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова се средства исплатени од укинатиот Фонд за локални патишта преземени во сметководството на општина Струга;
3. за вредноста на трафостаниците евидентирани во износ од 21.571 илјади денари не е пресметана амортизација, иако постојат податоци за периодот на нивната изградба. Членот 19 од истиот правилник предвидува годишен отпис на долгогодишните средства;
4. се уште се евидентира опрема со вредност нула од која дел е добиена како донација бидејќи не се обезбедени документите за набавка од донаторот, ниту пак е извршена проценка на нејзината вредност;
5. не е извршено сметководствено отпишување на опремата утврдена како расход со пописот од 2008 година иако Советот има донесено одлука за отпис;

6. за дел од опремата пресметаната амортизација е со стапки кои не се усогласени со стапките за отпис во Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
7. Во членовите 28 и 28-а од споменатиот Правилник предвидена е обврска за пресметување годишна ревалоризација на материјалните средства кај буџетските корисници. Општина Струга нема пресметана ревалоризација за 2009 година.

Проценувањето на билансни позиции без веродостојна документација и без доследна примена на законските обврски има за резултат нивно погрешно проценување и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Струга да преземе активности да се изврши проценка на имотот доделен на Општина Струга со решението од 2000 година како и да се утврди вредноста на опремата која е евидентирана без вредност.
Одделението за сметководство:

- -за објектите за кои постојат имотни листи утврдената вредност сметководствено да ја евидентира, за останатите утврдената вредност да се искаже вонбилансно до моментот на обезбедување на имотни листи;
- -да ги обезбеди потребните документи за вредноста на објектите започнати во времето на работењето на фондот за локални улици и патишта;
- -да пресметува амортизација согласно стапките пропишани во правилникот;
- -да ги спроведе одлуките на Советот;
- -да врши годишна ревалоризација.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во 2008 и 2009 година во Општина Струга, кои имаат влијание на финансиските извештаи за 2009 година, ревизијата утврди непримeнување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од обласа на јавните набавки и тоа:

4.4.1. При спроведување на постапките за набавка на електроматеријали за улично осветлување за потребите на општина Струга со отворен повик број 23/07 забрзана постапка и со отворен повик 01-2/09 по втор пат исто како и при спроведување на постапките за набавка на пијалаци за потребите на бифето и средства за одржување на хигиена за Општина Струга, елементот квалитет не е јасно дефиниран ниту во огласот за доделување на договор за јавна набавка ниту во тендерската документација, т.е. како ќе се вреднува и применува, што не е во согласност со член 32, 161 став 3 и 4 од Законот за јавни набавки и член 6 од

Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови.

Во 2010 година оваа состојба е надмината со тоа што при спроведувањето на постапките за јавни набавки како единствен критериум се применува најниска цена.

4.4.2. Општина Струга за надзор над градбите што ги гради одредува лица со соодветна стручна спрема од редот на вработените или вработено лице во ЈП „Проаква“, а врз основа на решение од градоначалникот. Ова не е во согласност со одредбите на член 33 од Законот за градење бидејќи надзор може да биде физичко лице вработено кај правно лице регистрирано во Централниот Регистар за вршење соодветна дејност. Изборот на надзор треба да се врши по постапка согласно законот за јавни набавки.
Ваквиот начин на бирање на надзор не е транспарентен придонесува за субјективно одлучување и фаворизирање на одредени лица.
Ревизијата не дава препорака, бидејќи во септември 2010 година Општина Струга има донесено одлука за спроведување на набавка за избор на надзор.

4.4.3. Исплатени се 1,942 илјади денари кон избрани економски оператери по основ на анекси кон основните договори за извршени работи, непредвидени со тендерската документација кои се однесуваат за:

- извршени работи за санација на дива депонија без извештај од надзорот за потребата и причините за зголемување на обемот на работите: вредност на анекс 1.203 илјади денари и
- реконструкција на водоводна мрежа во с. Делогожда со извештај од надзорот: вредност на анекс 739 илјади денари.

За новите непредвидени позиции, понудени се цени до градоначалникот и истите се прифатени без да биде применета постапката за набавка на дополнителни работи предвидена со член 99 од Законот за јавни набавки.

4.4.4. Ревизијата утврди дека се извршени плаќања кон правни лица во износ од 2.822 илјади денари за набавка на добра и услуги за кои не е спроведена соодветна постапка за јавна набавка согласно закон прикажани во Прилог 4 кон овој извештај.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност и јавност на постапката при склучување на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препорака:**

- Градоначалникот како одговорно лице да преземе активности за донесување процедура со која ќе се пропише постапката за склучување на анекс договори по непредвидени и дополнителни работи.
- За сите набавки на стоки, работи и услуги субјектот да ги почитува законските одредби односно да спроведе постапка за набавка, имајќи ги во предвид одредбите од член 27 од Законот.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.2. и 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Струга - сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на на Општина Струга - сметка на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 12.01.2011 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 236.682 | 215.145 |
| **Вкупно приходи** | | **236.682** | **215.145** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 40.493 | 35.521 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 1.005 | 9.897 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 88.127 | 82.396 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 26.738 | 27.954 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 578 | 424 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **156.941** | **156.192** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 79.741 | 58.953 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **79.741** | **58.953** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **236.682** | **215.145** |

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 104.853 | 53.871 |
| Залихи | 4.1.2. | 160 | 148 |
| **Вкупно тековни средства** | | **105.013** | **54.019** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 117.813 | 100.559 |
| **Вкупно постојани средства** | | **117.813** | **100.559** |
| **Вкупна актива** | | **222.826** | **154.578** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 101.900 | 51.572 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 130 | 132 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 2.823 | 2.167 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **104.853** | **53.871** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 117.973 | 100.707 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **117.973** | **100.707** |
| **Вкупна пасива** | | **222.826** | **154.578** |

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ
НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **100.559** | **148** | **100.707** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **19.348** | **3.819** | **23.167** |
| | | | |
| Набавки | 19.348 | 3.819 | **23.167** |
| Расходување | | | - |
| Исправки за време ревизија | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.094** | **3.807** | **5.901** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | 2.094 | 3.807 | **5.901** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **117.813** | **160** | **117.973** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

30.12.2010

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | 209/8 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIKA E MAQEDONISË
ОПШТИНА СТРУГА/KOMUNA E STRUGËS

Tel. 046/ 781 335, 781 223, 782 015 Fax: 046/781 434
Web: www.struga.gov.mk dhe www.e-struga.gov.mk
e-mail: kryetari@struga.gov.mk, info@struga.gov.mk

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Br. 03-2211/3
Nr.
24-12 2010
СТРУГА STRUGË

ДО
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.„Македонија„ 12/3**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор по Нацрт-извештајот

Врз основа на Нацрт-извештајот бр. 12-209/7 од 22.11.2010 година, за сметките на основниот буџет (630) и сметката на основниот буџет (637), ги доставуваме следните забелешки:

**Забелешки за сметката на Буџетот:**

4.1.1.Пишани процедури – во тек е постапка на нивно изготување,

4.2.2.Ребаланс на Буџетот се прави секоја година заклучно со законскиот рок 15.11.2009 година и за овој период е направен.

4.2.4.Во врска со надоместокот за уредување на градежно земјиште постапено е согласно Правилникот за криктериумите за наплата на надоместокот и покрај заложното право предвидено е и банкарска гаранција.

4.2.5.Од консултациите што се извршени со Министерството за транспорт и врски ни е укажано дека Програмата за поставување на времени објекти треба да се донесе во 2011 година, а Програмата за урбана опрема да се донесе во 2010 година која е и донесена.

4.3.1.Кон договорите за закуп на паркинг просторите и билбордите во тек е активност за склучување на анекс кон договорите во кој покрај закупнината ќе се регулира и надоместокот за комунална такса согласно Одлуката на Советот.

4.3.2.Комисија за категоризација на објекти за давање угостителски услуги во куќи апартмани и соби за одмор е формирана со Решение бр. 07-2970/1 од 25.10.2005 година. Согласно актот за систематизација предвидено е работно место инспектор за угостителство и туризам, но не е пополнето заради немање доволно финансиски средства, а надзорот го врши соработникот за угостителство и туризам што е во согласност со член 10 од Законот за такса за привремен престој.

4.3.3.Советот на општина Струга донесе Одлука бр. 07-3088/11 за утврдување на надоместокот за одржување јавна чистота на седницата одржана на 20.12.2010 година, во која е утврдена висината на надоместоците за јавна чистота.

4.3.5. Во врска со пописот за отпис на застарени побарувања не е извршен во текот на 2009 година, од причини што немаше силна образложена аргументација за застарените долгови кои по сите основи изнесуваа многу голема сума на пари. За 2010 година формирана е комисија која што во меѓувреме врши попис на стварите во општина Струга и истата комисија има за задача да изврши подетална проверка по сите задолженија кон правни и физички лица како и по однос на ненаплатениот данок, кој што согласно законот треба да се отпише. На седницата во февруари 2011 година ќе биде доставен предлог од страна на комисијата за донесување одлука за отпис на застарените долгови и побарувања во општина Струга по сите основи.

**Забелешки за сметката на органот:**

4.1.1.Во врска со препораката за пишаните процедури во финансиско-сметководственото работење ве известуваме дека истите се изготвени во месец декември 2010 година и доставени се до службата за спроведување..

4.2.1. Во врска со препораката од оваа точка, ќе се постапи во 2011 година.

4.2.3.Програма за активности во делот на социјалните помошти има донесено во текот на 2008 година која Ви беше презентирана за време на ревизијата. Комисијата за финансии и буџет на Советот на општина Струга согласно Програмата донесе поединечни решенија за исплата на надоместоци и согласно критериумите што ги имаше утврдено комисијата ја утврди висината на финансиските помошти.

4.2.4.Во врска со препораките за репрезентација општината има донесено Одлука во која е утврдена висината на репрезентацијата на Градоначалникот на општината, Советот и администрацијата. По однос на сугестиите што ги давате ќе се донесе нова одлука во која ќе биде утврдена висината на репрезентацијата без да се наведува висината на репрезентацијата поединечно за секоја година.

4.2.5.По однос на препораките за вработување на привремено вработените во редовен работен однос, Ве известуваме дека во 2009 година општина Струга имаше привремено вработени кои што истите беа вработени во согласност со Законот за агенции за привремени вработувања. Овие привремено вработени вршеа работи во општинската администрација на работни места кои што не беа предвидени во актот за систематизација и вработувањата беа во согласност со закон. Во 2010 година во општинската администрација од 31 јануари па се до крајот на 2010 година нема привремено вработени работници.

4.3.1.Во врска со препораките за регрес за годишен одмор ви укажуваме дека Општинската администрација има исплатено надоместок за регрес за годишен одмор, бидејќи Советот на општина Струга има донесено одлука за извршување на Буџетот во која има определено надоместок за исплата на годишен одмор во висина од 60% од просечната нето плата. Исплатата за регрес за годишен одмор исто така е во согласност и со член 9 од Законот за исплата на платите во РМ. Во Буџетот на општина Стгруга за 2009 година, беше утврдена ставка за надомест за годишен регрес. Од горе изнесеното сметаме дека исплатата на надоместокот за регрес е согласно закон. Впрочем сите општини во Република Македонија имаат исплатено надоместок за регрес за годишен одмор.

По однос на исплатата за одредени парични надоместоци во пресрет на нова година и на верски или државни празници исплатено е во 2009 година. Ве известуваме дека вакви исплати по однос на надоместок за одделни празници, повеќе нема да се врши исплата во Општинската администрација и дека исплатата на надоместоци ќе се врши согласно Законот за државни службеници како парични награди, во постапка утврдена согласно закон и правилник.

4.3.2.Во врска со препораката по однос за разрешување на статусот на вработениот во Градскиот одбор на месна заедница во Струга, ве известуваме за следното: Со оглед дека месните заедници повеќе не се правни субјекти и неможе да се склучи договор за превземање на работникот, но со оглед дека истиот е пред заминување во пензија продолживме да го финансираме по стариот терк. За 2011 година ќе се настојува заради исполнување на вашата препорака да се изнајде соодветно законско решение за регулирање на статусот на овој работник.

4.3.3.Во врска со препораките по оваа точка, Ве известуваме дека согласно член 24, став 2 Законот за јавни претпријатија, Градоначалникот на општината има склучено договори со кои се уредуваат односите со јавните претпријатија. Со оглед на фактот доколку вашите сугестии упатуваат на потребата за склучување на други договори во кои ќе се регулираат односите за одредени активности, градоначалникот ќе склучи покрај менаџерските договори и други договори во кои ќе бидат поединечно регулирани правата и односите помеѓу јавните претпријатија и општината.

4.3.4.Во врска со згрижувањето на кучињата скитници Советот има донесено Одлука за згрижувањето на кучињата скитници, ЈП „Комунално„ има доставено елаборат за изградба на кафези за згрижување на кучињата скитници за што општината му исплати трансфер на средства согласно со елаборатот кој беше во согласност со Програмта за работа на ЈП „Комунално„.

ЈП „Комунално„ достави извештај за реализација на трансферот кој што ви беше дополнително доставен до Заводот за ревизија.

4.3.5.На барање на општинската синдикална организација, а во врска со реализација на републичките спортски натпревари на синдикатот на УПОЗ Градоначалникот им определи средства за спортска опрема за учесниците на спортските игри, додека за останатите трансфери во делот за денот на жената 8-ми март и другите трансфери определни се средства за кои што сметаме дека не е во согласност со закон, но дека се работи за минорни средства кои што немаат силно влијание врз оштетувањето на буџетот. Во иднина вакви надоместоци нема да се исплаќаат.

4.3.6.Во врска со препораките по ова точка, Ве известуваме дека Советот на општина Струга, веќе ги донесе програмите на седницата одржана 20.12.2010 година, а кои се однесуваат на програми за активности на општина Струга за 2011 година во сите области почнувајќи од областа на спорт и млади, програма за осветлување, програма јавна чистота, програма за социјална заштита, програма за НВО секторот, Програма за зимско одржување, Програма за локални патишта и сите другите програми кои што се утврдени согласно Програмата за работа на општина Струга.

4.3.7.Во врска со ова точка Градоначалникот формира комисија за попис за 2010 година. Оваа комисија покрај попишување на стварите на општина Струга ќе има задача да изврши и проценка на имотот на општината, а истовремено ќе биде ангажирана и кон заишување во главната книга на Геодетската управа – катастарот, односно обезбедување на имотни листови за целокупниот имот на општина Струга. За таа цел веќе е избрана фирма која треба да изготви елаборати за сите објекти вклучително и за локалните патишта и улици во општината и очекуваме во 2011 година со донесувањето на Законот за легализација на дивоизградените објекти до крајот на 2011 година целокупниот имот да биде ставен во евиденција на катастарот.

4.4.4.Во врска со препораката по оваа точка Градоначалникот на Општина Струга склучуваше анекс-договори само во случај кога за непредвидливи работи ќе се појавеа дополнителни потреби кои што не преминуваа повеќе од 20% од износот утврден во договорот. Со измените на Законот за јавни набавки општина Струга ќе се придржува кон тие одредби и во иднина за секои непредвидени работи кои што можат да настанат во текот на реализација на некој проект за кој што е склучен договор за јавна набавка ќе се постапи согласно Законот за јавни набавки и ќе се отвори нова постапка со преговарање. Во врска со препораките за пишаните процедури во тек е изготвувањето на процедурите и до крајот на 2010 година истите ќе бидат изготвени и доставени до надлежните служби.

Во врска со прилогот бр. 2 за наводно неспроведени јавни набавки, Ве известуваме за следното:

Поединечни образложенија по однос на точката 1, 2, 3, 6 и 7 Ви ги доставивме до Државниот завод за ревизија пред да биде доставен нацрт-извештајот за извршената ревизија.

Со почит!

**ОПШТИНА СТРУГА**
**Градоначалник,**
**Рамиз Мерко**

**ПРИЛОГ 2**

# ОДГОВОР
**на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Струга**

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на општина Струга за 2009 година на – Сметка на основен буџет (637) добиени се забелешки од градоначалникот на општината, под број 03-2211/3 од 24.12.2010 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-209/8 од 30.12.2010 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.1.1., 4.2.1., 4.2.3, 4.2.4., 4.2.5., 4.3.1., 4.3.2., 4.3.3., 4.3.4., 4.3.5., 4.3.6., 4.3.7. и 4.4.4.. Истите се разгледани и е утврдено следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.1.1. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека по препораката на ревизијата за изготвување на пишани процедури во процесот на плаќање истите се изготвени во месец декември 2010 година.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.1.** што се однесува на непостапување по Законот за градење, **не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку се работи за известување дека по препораката на ревизијата ќе биде постапено во 2011 година.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.3.** што се однесува на слабости во Одлуката за определување на критериумите за распределба на финансиска помош од буџетот на Општина Струга, **не се прифаќа**, од причина што на ревизијата дополнително не и се доставени релевантни докази кои би имале влијание за промена на констатациите во извештајот.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.4. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку се работи за известување дека согласно дадените сугестии од ревизијата ќе биде донесена нова Одлука за користење на средствата за репрезентација.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.5. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека започнувајќи од 31 јануари 2010 година во Општина Струга нема привремено ангажирани лица преку агенции за времено вработување.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.1. не се прифаќа**, од причина што на ревизијата не и е доставен релевантен доказ за промена на констатациите во извештајот.
Во делот на исплатата на парични надоместоци по повод верски или државни празници дадено е известување дека во иднина ќе се почитува укажувањето на ревизијата и ваков вид на надоместоци спротивно на законските одредби нема да се исплаќаат.
Кај исплатата на регрес за годишен одмор ревизијата укажува дека исплатата на плати и надоместоци за државните службеници е регулирана со Законот за државни службеници, во кој не се предвидува ваков вид на надоместок.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.2. не се прифаќа**, од причина што не се работи за забелешка туку за известување дека во 2011 година ќе се настојува да се изнајде законско решение за регулирање на статусот на лицето вработено во месна заедница.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.3. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека Градоначалникот ќе склучи договори со јавните претпријатија во кој ќе бидат регулирани правата и обврските помеѓу јавните претпријатија и општината.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.4. не се прифаќа**, од причина што укажувањето на ревизијата е во правец дека не е утврден третманот на средствата обезбедени од Буџетот, односно дали ќе бидат вложувања во капиталот на ЈП или пак основни средства на користење кај други субјекти, а со цел постигнување транспарентност во финансиските односи меѓу основачот и јавните претпријатија согласно член 8-б од Законот за јавни претпријатија.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.5. не се прифаќа**, од причина што не се работи за забелешка туку за известување дека во иднина средства по барање на синдикалната организација за одредени намени нема да се исплаќаат бидејќи овие исплати не се во согласност со Закон.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.6. не се прифаќа**, од причина што не се работи за забелешка туку за известување дека Советот на Општина Струга донел Програми за 2011 година согласно Програмата за работа на Општина Струга.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.7. не се прифаќа**, од причина што не се работи за забелешка туку за известување дека во 2011 година ќе се настојува да се изнајде решение за целокупниот имот на Општината да биде евидентиран како во Агенцијата за премер и катастар на недвижности така и во сметководствената евиденција на Општината.

Забелешката на наодот од **точка 4.4.4. не се прифаќа**, од причина што не се работи за забелешка туку за известување дека е во тек постапување по препораката на ревизијата за изработка на процедура со која ќе се пропише постапката за склучување на анекс договори по непредвидени и дополнителни работи.

Во врска со Прилог 2 за не спроведените постапки дополнителни докази не се доставени за промена на констатациите на ревизијата изнесени во Нацрт извештајот.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________________

2. ____________________________ ______________________

Прилог 3

Резултати
од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | | |
| **11.1.1** | **Процес на плаќања**<br>При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира ризик плаќањата да не се направени врз основа на комплетна, ликвидирана и навремено евидентирана документација, потврдена од одговорни лица. Причините за овие ризици се следните:<br>- отсуство пишани процедури за движење на документацијата со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;<br>- невоспоставени контролни постапки за следење на спроведување на договорите;<br>- не се врши ликвидирање на документацијата; | Градоначалникот да ги преземе следните активности:<br>- донесување на пишани процедури за постапката за набавка на стоки и услуги од моментот на потребата од набавка, до моментот на плаќање, определување на одговорни лица во секоја фаза од трансакцијата и документацијата што треба да се приложи | Делумно спроведена | Донесени се пишани процедури за:<br>- прием на документацијата во Општината, нејзино архивско запишување и доставување до одговорните лице во одделенијата,<br>- спроведување на јавни набавки;<br>Со процедурите не се опфатени одговорностите на вработените за потврдување на документацијата (потпис дека количините и набавките се според соодветен договор) и обезбедување на комплетна документација. |



*Ревизорски тим:*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - отсуство контроли кои ќе осигураат дека важечките плаќања се точно прокнижени во главната книга;<br>- непостоење упатство за благајничко работење;<br>- не е назначен овластен сметководител. | како потврда за настанатата финансиска промена.<br>- да одреди одговорен сметководител на општината;<br>- да одреди лице за контрола на сметководствената и формалната вистинитост и точност на секој одделен вид сметководствен документ | | -од март 2010 година вработени се одговорен сметководител и ликвидатор |
| 11.2.1 | Во текот на 2007 година Општина Струга има исплатено средства во висина од 547 илјади денари за помош на социјално загрозени лица. Општина Струга нема донесено програми од областа на социјалната заштита, ниту акт за доделување средства за помош со утврдени критериуми во однос на видот на помошта (во кои случаи и за какви намени се доделуваат средствата), висината на доделената помош и обезбедување стручно мислење за реалноста на барањето што е спротивно на одредбите од Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита. | Советот на Општина Струга да донесе развојни програми од областа на социјалната заштита и општи акти со дефинирани критериуми со кои ќе обезбеди наменско користење на средствата за социјалната заштита | Спроведена | Донесена е програма од областа на социјалната заштита за 2009 година и одлука за определување на критериуми за распределување средства на здруженија, граѓани, поединци – физички лица, социјално загрозени лица |
| 11.2.2 | На здруженија на граѓани, спортски клубови, | - Советот на | Спроведена | Донесена е одлука за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | културни и други установи и на физички лица за организирање културни, спортски и други манифестации, реализација на театарски претстави, за постдипломски студии, спонзорства за книги, телевизиски и радио проекти и друго во 2007 година се исплатени 5,536 илјади денари.<br>Одобрувањето на овие средства се врши по поединечни барања во кои се наведува намената на бараните средства, без претходно распишан оглас за распределба на средствата и без утврдени критериуми. Не се бара Годишна програма на барателите, како и повратно известување дека манифестацијата за која се доделени средства е спроведена што е спротивно на одредбите од Законот за здруженијата на граѓани и фондации.<br>Отсуството на акт со утврдени критериуми и необјавување оглас за доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата | Општина Струга да донесе акт за распределба на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови, а особено за физичките лица, со утврдување на приоритети во финансирањето, постапка на доделување, критериуми, потребна документација, како и извештај за користење на средства.<br>Распределбата на средствата да се врши на предлог на Комисијата за финансирање и буџет, со Одлука на Советот на Општина | | определување на критериуми за распределување средства на здруженија, граѓани, поединци – физички лица, социјално загрозени лица.<br>Во 2009 година општина Струга нема објавено оглас туку во февруари 2010 година. |
| 11.2.3 | Направени се расходи во вкупен износ од 89 илјади денари за службено патување во странство и тоа:<br>- за ноќевање во хотели со категорија од пет | Одделението за финансии и буџет надоместувањето на | Спроведена | |



*Ревизорски тим:*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________

*Овластен државен ревизор*

______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ѕвездички 74 илјади денари.<br>- дополнителни расходи од 15 илјади денари за набавка на дополнителен авиобилет, иако претходно се набавени повратни авиобилети. | издатоците за службени патувања во странство да го врши согласно одредбите од Уредбата | | |
| 11.3.1. | Извршениот попис на материјалните средства со состојба на 31.12.2007 година не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на материјалните средства со нивната вредност искажана во сметководството. Пописните листи ја содржат само количината на материјалните средства, а не и сметководствената вредност. Вкупниот износ на материјалните средства не е поткрепен со рекапитулација на пописните листи.<br>Пописот на побарувањата и обврските е извршен со задоцнување, при што не е утврдена нивната старосна структура. | Градоначалникот на Општината да донесе интерен акт за извршување на пописот во кој јасно ќе се утврди начинот, постапките и процедурите за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно активностите пропишани во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници | Непримен-лива | Со измените во Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Сл Весник 08/2009) оваа слабост е надмината |
| 11.4.1. | Евидентирани се трошоци на ставката Тековно одржување во износ од 9,608 илјади денари кои се однесуваат за уредување и одржување на | Градоначалникот на општина Струга на почетокот на секоја | Не еспроведена | Освен со ЈП „Комунално„-Струга, состојбите со другите јавни претпријатија не се променети и |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | градското зеленило и градските плажи во Струга, чистење на каналите за наводнување и селски јазови, отстранување на диви депонии и чистење на јавно прометните површини, исплатени на ЈП Комунално - Струга, ЈКП Хигиена -с.Лабуништа и ЈП Пастертија – с.Велешта.<br>Исплатата не се темели на реален обем на извршени работи, туку на планирани работи утврдени во Програмата за работа на јавните претпријатија за 2007 година усвоени од страна на Советот на Општина Струга.<br>Општина Струга нема склучено договори со јавните претпријатија во кои ќе се дефинираат меѓусебните права и обврски со оглед на фактот дека годишни програми за работа на јавните претпријатија не се основ за фактурирање за извршени работи.<br>Во програмите не е дефиниран начинот на формирање на цената за услугите што ќе се вршат од страна на јавните претпријатија (немаат ценовник).<br>Не се утврдени начинот на контрола на извршување на работите и документите кои би обезбедиле доволно докази за извршување на работите. Доставените фактури не се потврдени од надлежни лица дека работите се извршени. | година да склучува договор со јавните комунални претпријатија за регулирање на меѓусебните обврски, дефинирање на цените на услугите и начинот на обезбедување на докази за обемот на извршената работа | | се финансира нивната програма, а не реално извршената работа.<br><br>Кон крајот на 2009 и почетокот на 2010 година склучени се договори со сите четири претпријатија, но договорите не се однесуваат на реализирање на програмата на ЕЛС Струга од областа на уредување и одржување на градското зеленило и градските плажи во Струга, чистење на каналите за наводнување и селски јазови, отстранување на диви депонии и чистење на јавно прометните површини, туку за обврските и одговорностите на одговорното лице (директорот) |
| 11.4.2 | На ставката Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка евидентирани се трошоци во износ од 800 илјади денари кои се однесуваат | Градоначалникот на општина Струга:<br>- на почетокот на | Делумно спроведена | Нема склучено годишен договор |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за изработка на водоводна и канализациона мрежа, исплатени на МЈП Проаква - Струга по фактури за 2006 година, за кои ревизијата го утврди следното:<br>- општина Струга нема склучено договор со МЈП Проаква–Струга во кој ќе се дефинираат меѓусебните права, одговорности и обврски на основачот и јавното претпријатие;<br>- не се утврдени начинот на контрола на извршување на работите и документите кои би обезбедиле доволно докази за извршување на работите. Фактурите не се поткрепени со градежен дневник и градежна книга потпишани од страна на надзорен орган;<br>- лицето кое ги потврдува извршените работи нема овластување за надзорен орган од страна на градоначалникот. Лицето е привремено вработено во општината преку агенција за привремени вработувања.<br>Евидентирањето на расходи за кои доставената документација е нецелосна и непотпишана од страна на овластени лица не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за градење, при што создава можности за зголемени расходи, погрешно проценување на билансните позиции, а со тоа и до изготвување на нереални финансиски извештаи | секоја година да склучува договор со МЈП Проаква–Струга за регулирање на правата, одговорностите и обврските и начинот на обезбедување на докази за обемот на извршената работа;<br>- надзорот над работите да го довери на физичко лице кое ги исполнува условите за вршење на надзор пропишани со Закон | | Обезбедени се градежни книги и дневници<br><br>За извршената работа потврдува лице задолжено за вршење надзор на работата на јавните претпријатија |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.4.3. | Исплатени се трошоци за зимско одржување на ставката Тековно одржување во поголем износ од 1,590 илјади денари кои се однесуваат за приправност - мобилност за зимско одржување на улиците и одредени патни правци во општина Струга. Согласно понудата и склучениот договор цената за приправност – мобилност се однесува за целиот период за сезона 2006 – 2007, а се вршат месечни исплати по истата цена што е спротивно на одредбите од договорот и понудата.<br>Плаќањето по повисоки цени од претходно договорените незаконски ги зголемува трошоците на општината, што се одразува врз реалноста на финансиските извештаи | Плаќањето на фактурите да се врши согласно претходно дефинираните цени во понудата и договорот за извршените работи во корист на општината | Спроведена | Договорите за зимско одржување важечки во 2009 година се реализираат согласно договорените цени. |
| 11.4.4. | Направени се трошоци за репрезентација во износ од 3,006 илјади денари, по основ на угостителски услуги. Од документацијата врз основа на која се извршени плаќања не е можно да се утврди за кого е услугата (гости од странство или домашни гости од други градови, институции), кој е корисник на услугата од Општината и кога истата е извршена.<br>Општина Струга нема акт за регулирање на правото на користење на угостителски услуги во земјата и странство (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби), што придонесува за зголемени расходи и незаконско трошење на средствата | Градоначалникот да донесе акт за репрезентација со утврдени лица кои имаат право на репрезентација, висината на репрезентацијата, случаите во кои актот ќе се применува и документацијата што треба да се приложи како поткрепа на направените трошоци | Спроведена | Донесен е акт за утврдување на правото за репрезентација во 2009 година<br><br>Документацијата е потврдена од одговорно лице што укажува дека трошоците се за потребите на општина Струга |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.5.1. | Вредноста на Материјалните средства е нереална и необјективна поради следното:<br>1. Градежни објекти:<br>- не е извршено сметководствено евидентирање на недвижниот имот за кој Република Македонија го има пренесено правото на сопственост на Општина Струга и на поранешните општини Велешта, Луково, Лабуништа и Делогожда кои се припоени кон општина Струга, врз основа на спроведен делбен биланс во 2000 година.<br>- за дел од објектите за кои е пренесено правото на сопственост на Општината се обезбедени имотни листи, меѓутоа, не е извршена проценка на нивната вредност, (во решението за пренос на правото на сопственост, објектите се без вредност);<br>- за дел од доделените недвижности службите немаат обезбедено поседовни/ имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, Одделение за премер и катастар Струга, така што не е потврдена нивната сопственост;<br>- во пописните листи се прикажани, меѓутоа, во сметководствената евиденција не се евидентирани трафостаници изградени од поранешниот Фонд за патишта и комунално уредување на градежно неизградено земјиште на општина Струга, | Советот на Општина Струга:<br>- да формира комисија за проценка на имотот сопственост на општината, согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот и проценка на вредноста на опремата добиена како донација,<br>- да донесе одлука по предлогот на комисијата за попис.<br>Градоначалникот на општина Струга да преземе мерки за обезбедување на имотни листи за сите недвижности од Државниот завод за геодетски работи, согласно решението од Владата на РМ за спроведениот делбен | Делумно спроведена | Не е извршена проценка на доделениот имот со делбениот биланс<br><br>Евидентирани се трафостаниците<br><br>Опремата добиена како донација сеуште е без утврдена вредност<br><br>Советот има донесено одлуки за отпишување на опрема со пописот утврдена како неупотреблива, но книговодствено не е спроведена<br><br>Изградбата на спортската сала е стопирана и не се знае идниот исход |



*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за што постојат договори и фактури;<br>2. Опрема:<br>- преземените постојани средства од единицата за противпожарна заштита и добиени средства од донации во пописните листи се евидентирани без вредност поради непостоење на поткрепувачка документација.<br>- Советот на општината нема донесено одлуки во однос на предлозите дадени во извештајот на Комисијата за попис за 2007 година.<br>3. Инвестиции во тек<br>- Во 2002 година започната е изградба на објект - спортска сала, со утврдено право на сопственост на Општината врз објектот. Вложувањата извршени за изградаба на спортската сала не се евидентирани на позицијата инвестиции во тек во сметководството на општина Струга.<br>Нецелосното евидентирање на материјалните средства ја намалува можноста за користење на имотот (издавање под закуп) и остварување приходи по основ на оттуѓување на имотот што општината не го користи како и придонесува за изготвување на нереален финансиски извештај Биланс на состојба. | биланс.<br>Секторот за финансии и буџет да преземе мерки за сметководствено евидентирање на вредноста утврдена од страна на комисиите за проценка на вредноста на имотот за кој се обезбедени имотни листи од Државниот завод за геодетски работи како и на донираната опрема, а утврдената вредност од страна на комисијата за проценка на имотот кој општината го добила со решенијата од Владата за кој нема обезбедено имотни листи, да се евидентира вонбилансно. | | |
| 11.5.2 | На ставката Аванси за материјални средства евидентирана е состојба во износ од 35,888 илјади | Службата за сметководство во | Не спроведена | Извршено е прекнижување на оваа вредност од сметката Аванси |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | денари преземена од 2004 година од Фондот за локални патишта и улици. Ова се однесува на евидентирани градежните работи во износ од 31.605 илјади денари на десната лента на улица "Туристичка" завршена во 2002 година за што од изведувачот во ноември 2002 година е издадена завршна ситуација. По укинување на Фондот не еобезбедена поткрепувачка документација што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради недостиг на документација, состојбата се пренесува во следните години. Ваквиот начин придонесува за изготвување на нереални финансиски извештаи. | соработка со службата за комуналии да преземат активности за обезбедување на поткрепувачка документација и да се изврши соодветно евидентирање во сметководствената евиденција | | на сметката Објекти без да е обезбедена потребната поткрепувачка документација. |
| 11.5.3 | Во сметководството на општина Струга не се евидентирани вложувањата во материјални средства (улици, патишта, водоводни и атмосферски мрежи, јавно осветлување), што се објаснува со недостиг на поткрепувачка документација. Во текот на 2007 година, извршени се плаќања по основ на вложувања и реконструкција во објекти во вкупен износ од 54,354 илјади денари кои не се евидентирани како зголемување на градежните објекти или инвестиции во тек што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.<br>На ревизијата, освен времени и завршни ситуации (потпишани од изведувачот, надзорниот орган и | Да се пропише сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните позиции за материјалните и нематеријалните средства и државниот- јавен капитал | Не спроведена | Во сметководствената евиденција и натаму не е извршено зголемување на градежните објекти или инвестиции во тек за извршените плаќања за изградба на капитални објекти за периодот 2007 – 2009 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | инвеститорот) не и беше презентирана друга документација пропишана со Законот за градење како потврда на извршените работи и за утврдување на степенот на завршеност на капитални објекти: градежен дневник, завршен извештај за извршениот надзор од надзорниот инженер, одобрение за употреба за градби, односно завршен извештај изработен од изведувачот за извршените работи за градби, за извршен технички прием и записник од Комисијата што врши технички прием, за извршени работи во текот на 2007 и претходните години, платени во текот на 2007 година. | | | |
| 11.5.4 | Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирени обврски во вкупен износ од 41,808 илјади денари беа испратени 15 конфирмации кон добавувачите, кои опфаќаат 92% од вкупните обврски на Општина Струга.<br>Од испратените конфирмации, до денот на завршување на ревизијата се добиени одговори од три комитенти (14,907 илјади денари), кои не ја потврдуваат состојбата искажана во евиденцијата на Општина Струга, додека за 12 конфирмации во вкупен износ од 23,649 илјади денари не се добиени | Секторот за финансиски работи во Општина Струга редовно да врши усогласување на обврските со комитентите | Не спроведува | Не се вршат усогласувања со коминтентите |



*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*
_______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одговори. | | | |
| 11.6.1. | Ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:<br>- Комисијата за јавни набавки при при изработка на тендерската документација за Отворен повик не изготвува образец на изјава со која понудувачите ги прифаќаат условите од повикот, модел на договори и образец за начинот на пополнување на фактурата, што е спротивно на член 36 став 6 од Законот и член 6 од Правилникот за задолжителни елементи на тендерската документација;<br>- Комисијата за јавни набавки, во сите спроведени постапки за јавни набавки не подготвува Изјави за непостоење на конфликт на интереси, што е спротивно на член 21 од Законот за јавни набавки.<br>- Комисијата за јавни набавки во постапките за јавни набавки од мала вредност нема предвидено износ на средства за реализација на набавките, туку само има наведено дека набавката ќе се реализира од средства од Буџетот на општината, што е спротивно на член 12, став 2 од Законот. | Градоначалникот на Општината и Комисијата за јавни набавки да воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач, до спроведување на договорите склучени со најповолните добавувачи. | Спроведена | Со измените во законската регулатива состојбите се надминати:<br>- Се доставуваат сите обрасци и изјави за прифаќање на условите од тендерот;<br>- Се потпишуваат изјави за непостоење на конфликт на интереси |
| | | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________